Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 26.04.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За урбанистичка документација за УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 – ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, НА К.П. бр. 609, К.О. КАРАОРМАН-ВОНГРАД – Општина ШТИП, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на урбанистичка документација за УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 – ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, НА К.П. бр. 609, К.О. КАРАОРМАН-ВОНГРАД – Општина. Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за намалување на штетните емисии во воздухот, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажувањето на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот на енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин.Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да преставува значителен товар врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18-2828/1
Дата: 26.04.2024год.
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов

Scanned with CamScanner